


Доколку уживате во комуникација со луѓе, сакате динамична работа и модерно деловно опкружување — ова е вистинската можност за Вас да се приклучите на нашиот тим!

УНИ Банка АД Скопје има потреба од мотивирани и одговорни кандидати за вработување на следната работна позиција:

# Специјалист во Сектор Општи небанкарски дејности при Служба за Небанкарски дејности

**Опис на работното место:**
Кандидатот ќе биде одговорен за координирање и реализација на активности поврзани со небанкарското оперативно функционирање на Банката, со акцент на логистичка поддршка, управување со надворешни соработници и грижа за деловната инфраструктура.

**Треба да поседуваш:**

- Завршено најмалку средно образование;
- Професионален однос, флексибилност и енергичност;
- Одлични организациски и комуникациски способности;

- Способност за работа во динамична средина, во соработка со различни надворешни соработници и добавувачи;
- Способност за решавање проблеми и донесување на брзи одлуки;
- Познавање на MS Office (Word, Excel, Outlook);
- Возачка дозвола Б категорија - активен возач.

**Главни одговорности:**

- Координација и надзор на активности за отворање, затворање и реновирање на деловни простории;
- Тековна грижа и редовни сервиси за возниот парк, системи за греење/ладење, електрични и водоводни инсталации, технички прегледи, лифтови, мебел и опрема;
- Примо-предавање на деловни простории, како и одјава/пријава на водомери и струјомери при закуп или напуштање на деловен простор;
- Учество во редовно годишно осигурување на имот, пријава, следење и реализација на штети;
- Координирање и надзор на активности за одржување хигиена во деловните простории;
- Преземање и испорака на пратки;
- Активно учество во процесот за поставување и повлекување на банкомати;
- Набавка и испорака на канцелариски и други потрошни материјали.

**Бенефиции:**

- Политика за наградување преку систем на бонуси;
- Обуки за личен и професионален развој;
- Колективно осигурување од незгода, дополнително здравствено осигурување;
- Спортски и тим билдинг активности;

Работното време е 8 часа дневно, односно 40 часа неделно, од понеделник до петок.

Придружете се и Вие кон успешниот тим на професионалци!

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат наведените услови, потребно е да испратат кратка биографија на македонски јазик на **jobs@unibank.com.mk**,**најдоцна до 28.11.2025 година.**

*Вашата апликација ќе се третира строго доверливо. Само кандидатите кои ги исполнуваат потребните квалификации и услови ќе бидат повикани на интервју. Процесот на селекција ќе биде финализиран во законски обврзаниот рок во зависност од бројот на апликанти. Доколку на јавниот оглас се пријавиле до 200 кандидати за едно работно место изборот се врши во рок од 45 дена, од 201 до 500 кандидати за едно работно место изборот се врши во рок од 90 дена и над 500 кандидати за едно работно место изборот се врши во рок од 120 дена, по истекот на рокот на пријавувањето.
Со аплицирање за оваа работна позиција, се согласувате Банката да може да ги собира, обработува и чува вашите лични податоци за потребите на процесот на регрутација за цело време додека трае истиот, а по завршувањето на истиот податоците може да се чуваат во базата на податоци на Банката за регрутациски потреби согласно законските прописи. Согласноста може да ја повлечете во секое време со доставување на барање за истото на следниот линк: zlp@unibank.com.mk.